ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP
бр. 02-1264/4-1
03.10.2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18; и Службен весник на Република Северна Македонија број 143/19 и 14/20 В.Д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, Се додава ново работно место под реден број 3-а Советник на директорот за сообраќај кое гласи:

| | |
|---|---|
| Сектор | |
| Одделение | |
| Реден број и шифра | 3-а. КДР0305А01091 |
| Звање на работно место | |
| Назив на работно место | Советник на директорот за сообраќај |
| Брај на извршители | 1 |
| Вид на образование | сообраќај и транспорт |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на најсложените работни задачикои придонесуваат за остварување на програмата за работа на претпријатието и кои бараат посебна самостојност и стручност во врска со прашања кои се однесуваат на сообраќајот, како и поддршка на работата на директорот |
| Работни задачи | - врши најсложени работи во врска со прашањата од областа на сообраќајот;<br>- дава предлози за подобрување на сообраќајните услуги кои ги дава претпријатието<br>- иницира и предлага ставови по начени прашања од областа на сообраќајот и учествува во концепирање на развојната стратегија на претпријатието и политиката на цените;<br>- го советува директорот за најсложените работи и за реализација на програмата на претпријатието,<br>- дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на претпријатието, ги проценува и оценува активностите во рамките на деловната политика на претпријатието;<br>- учествува во предлагање на нови сообраќајни линии, како и за подобрување на сообраќајните услуги кои ги дава претпријатието; |

| | |
|---|---|
| | - дава предлози за цените на билетите;<br>- учествува во долгорочна финансиска и инвестициона политика на претпријатието,<br>- учествува во утврдувањето на системот на стекнување и распределба на приходот на претпријатието и во сите развојни проекти на претпријатието;<br>- врши работни задачи соодветни на неговото работно место по налог на директорот на претпријатието. |
| Одговара пред | Директорот на претпријатието |

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 4. Сектор за сообраќај, потточка 4.4. Одделение за линиска контрола работното место со реден број 235 Помлад контролор на билети во јавен превоз во делот број на извршители зборовите „10“ се заменуваат со зборовите „8“.

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д.Директор

______________________
Александар Стојковски